# ТЕХНИЧКИ ЛИСТ

# БИКУТЕКС С

**Бр.1206**

## Самолеплива полимер-модифицирана битуменска лента за асфалтни и бетонски споеви

| | |
|---|---|
| **Опис на производ** | Хомогена смеса од полимер-модифициран битумен (SBS) и минерален полнител, излиена во ленти со одредена димензија |
| **EN Стандард** | **EN 14188-1:2006** |
| **Идентичен со:** | **МКС EN 14188-1:2006** |



| Технички карактеристики | Метода | Мерка | Декларирана вредност |
|---|---|---|---|
| **Видливи својства** | Хомогена, во согласност со декларација | | |
| **Точка на омекнување по ПК** | EN1427 | °C | ≥ 95 |
| **Густина на 25°C** | EN13880-1 | $g/cm^3$ | ≥ 1.1 |
| **Конусна пенетрација на 25°C** | EN13880-3 | 0,1mm | 40-130 |
| **Пенетрација и повратна еластичност** | EN 13880-3 | % | ≥60 |
| **Отпорност на топлина, 168 часа/70°C** | EN13880-4 | | |
| **Повратна еластичност и пенетрација на 25°C** | EN13880-4 | % | ≥60 |
| **Промена на точката на омекнување** | | °C | - |
| **Промена на конусна пенетрација** | | 0,1 mm | 40-130 |
| **Отпорност на течење 60°C/5часа, агол 70°** | EN13880-5 | mm | ≤ 5 |
| **Содржина на опасни материи** | - | - | не содржи состојки на азбест или катран |

**Примена и вградување**

- **ПРИМЕНА:** Се употребува како спој помеѓу два асфалтни слоја, за исполнување на споеви помеѓу бетон и асфалт (кај бетонски делови или елементи на мостови со асфалт) или други делови од коловозот, за исполнување на бетонски или асфалтни фуги и сл.
- **ВГРАДУВАЊЕ:** БИКУТЕКС С се вградува по ладна постапка (самолеплива лента) со втиснување на подлога од асфалтни или бетонски споеви. Заштитена е со силиконизирана фолија која лесно се отстранува при нанесувањето. По почетокот на вградувањето, паралелно, силиконска фолија на лентата се извлекува и лентата се втиснува во засекот на асфалтот за асфалтни споеви (или во премачканиот со прајмер бетонски спој). Се препорачува по поставувањето на лентата БИКУТЕКС С, повторно да се притисне врз неа со помошен алат за да обезбеди подобра лепливост на лентата. При пониски температури, доколку се вградува самолепливата лента Бикутекс С, се препорачува пред вградувањето минимално да се помине преку површината со пламеник/бренер, откако ќе се извади силиконската фолија.
- **НАПОМЕНА:** БИКУТЕКС С **НЕ** треба да се вградува во временски услови:
  - на дожд, роса или влажност при магла
  - ако релативната влажност на воздухот е над 85%
  - најниската работна температура на подлогата и на воздухот треба да биде мин. +20°C.

**Пакување,транспорт и складирање**

- Се произведува во ленти во повеќе димензии во зависност од потребите на купувачот во ролни од 6m.
- Се транспортира во оригинална амбалажа и се складира во покриен простор.
- За исправен транспорт е одговорен превозникот.

**Останати информации**

- На барање на купувачот одредени карактеристики на производот може да се променат. Наведените податоци се валидни и се темелат на статистички контроли на квалитетот. За неправилен избор на производот за одредена намена и за неправилно вградување, производителот нема одговорност. Производителот одговара за декларираниот квалитет.